# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## СВЕЧЕНО ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" НА НАСТАВНО-НАУЧНАТА СТУДИСКА ГРУПА ЗА ИСТОРИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

На 11. VI 1980 година во свечената сала на Собранието на СР Македонија се одржа свеченост по повод доделувањето на високата републичка награда за врвни постигања во развојот на историската наука — „Гоце Делчев" на ННСГ за историја при Филозофскиот факултет во Скопје.

На свеченото врачување на наградата, покрај редовните и пензионираните членови на ННСГ за историја, присуствуваа и голем број највисоки републички раководители, како и претставници од високошколските и другите институции.

Наградата ја врачи Претседателот на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев" проф. д-р Данчо Зографски, кој притоа во пригодна реч ги набележи, накратко, значајните придонеси на ННСГ за историја во развојот на историската наука во СРМ и изградувањето на броен наставен и научен кадар.

Високата награда ја прими шефот на ННСГ за историја проф. д-р Бранко Панов, кој притоа се заблагодари од името на сите членови на Студиската група и ја одржа следнава пригодна реч:

Почитуван другар Претседател,

Драги другарки и другари,

Имам особена чест и задоволство, од името на сите членови на Наставно-научната студиска група за историја, да ја изразам нашата особена благодарност за ова високо републичко признание: наградата „Гоце Делчев", со кое годинава е удостоена ННСГ за историја при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје.

И при овој свечен момент, во овој историски ден, нужно се наметнува потребата да се осврнеме накратко врз развојот и наставно-научниот придонес на нашата Катедра, сегашнава ННСГ за историја.

Повеќе од три децении нè делат од денот: 16 декември 1946 година, кога групата за историја, заедно со групите за македонски јазик, за југословенска литература, за романска филологија, за фи-

лозофија и педагогија, за класична филологија, како и за математика, физика, хемија, биологија и географија, ги започна своите историски предавања во рамките на првиот македонски факултет, Филозофскиот факултет, кој потоа се претвори во јатка за формирање на нашиот Универзитет „Кирил и Методиј" во Скопје, којшто води потекло од првиот македонски универзитет на Климент Охридски.

Оваа историска придобивка беше дело на Народната и на Социјалистичката револуција на народите и народностите на Југославија, во која македонскиот народ и народностите со нејзиниот победоносен завршеток го оствария својот вековен стремеж — националната и социјалната слобода. Овој вековен сон македонскиот народ го оствари во заедничката борба со сите југословенски народи и народности, во рамките на создадената, под раководството на КПЈ и другарот Тито, социјалистичка Југославија, братска заедница на рамноправни народи и народности.

Уште во првите години беа одбележени јасните правци по кои требаше да се одвива наставната и научната дејност на групата за историја. Во рамките на историската група во овој период се дејствуваше во два правца: врз марксистички основи да се проучува и пренесува на студентите историското минато на македонскиот народ, на народите и народностите на Југославија, како и општата историја на сето човештво, да се изградува научен кадар и потребен библиотечен фонд.

Со помошта на пожртвуваната работа на сосема малиот број македонски универзитетски наставници, со ентузијазмот на самите студенти, како и со помошта од другите братски југословенски републики, Катедрата за историја успеа на сигурни основи да го постави својот натамошен растеж. Веќе во 50-те години станаа видливи резултатите од таквата интензивна работа во рамките на групата за историја. Од година в година сè повеќе и повеќе се зголемуваше бројот на дипломираните историчари и тоа не само од нашата Република, туку и од другите републики и покраини. Тие во рамките на СРМ и другите републики и покраини станаа вистински толкувачи на историјата на сите народи и народности на Југославија, како и на општата историја. Исто така, почна да расте и бројот на научните работници-историографи, кои по пат на докторски дисертации и хабилитации се здобија со високи научни степени. Во нивното изградување особена заслуга имаат афирмираните професори дојдени од другите братски републики, кои голем дел од својот живот го поминаа и го поминуваат во Скопје.

Како резултат на сестраната ангажираност историската група се претвори во развиено научно средиште и во расадник на поголем број афирмирани научници на полето на историската наука. Во последните две децении немал број дипломирани историчари од нашата група се здобија со магистерски и докторски титули. Голем дел од нив се веќе мошне афирмирани научници-историографи, кои дејствуваат во рамките на Филозофскиот факул-

тет, МАНУ, Институтот за национална историја, Архивот на Македонија, Народната и универзитетска библиотека и во други републички институции. Голем е придонесот на групата за историја, исто така, и во формирањето на научен кадар за потребите на другите републики и покраини.

Заклучно до крајот на 1979 година за потребите на СРМ и другите југословенски републики и покраини историската група дала над 1000 дипломирани историчари. Во рамките на групата за историја од 1971 година се одвиваат и постдипломските студии од областа на историјата на македонскиот народ, во четири смера. Од запишаните досега 49 постдипломци веќе десетмина се здобија со титулата магистер по историски науки. Освен тоа, под менторството на професорите од нашата група со докторска титула се имаат здобиено 26 кандидати. Тројца членови од историската група, исто така, се примени за членови на МАНУ.

Огромен е придонесот на членовите на ННСГ за историја за развојот на македонската историографија. Во рамките на историската група со право уште од почетокот се одеше кон тоа да се изградат специјалисти и за националната и за општата историја. Како резултат на таквата правилна ориентација, нашата група израсна во една од најрзавиените наставно-научни студиски групи кои дејствуваат во рамките на Филозофскиот факултет. Денес ННСГ за историја е комплетирана со специјалисти за целосната историја на македонскиот народ, историјата на народите и народностите на Југославија, општата историја, помошните историски науки, византологијата итн.

Заклучно со 1979 година членовите на ННСГ за историја објавиле 1128 научни трудови во вид на монографии, студии, прилози, збирки на документи итн. Во поголем број од овие трудови се содржат со право резултатите од проучувањата на историското минато на македонскиот народ и на народностите кои живеат во Македонија. Оргомен е придонесот на историографите од нашата група и во проучувањето на животот и дејноста на идеологот и водачот на македонското национално-револуционерно движење, Гоце Делчев. Затоа, наградата со која сме удостоени, ни е особено драга.

Голем е придонесот на членовите од нашата група и во афирмацијата на нашата историска наука во рамките на СФРЈ и надвор од неа. Своите научни резултати членовите на историската група ги имаат презентирано на бројни југословенски и меѓународни конгреси на историчарите, византолозите, славистите итн. Заедно со МАНУ, Институтот за национална историја и други републички и југословенски институции, ННСГ за историја била организатор и на повеќе меѓународни конгреси, симпозиуми и други научни средби во нашата Република. Наши членови активно учествувале во издавањето и редактирањето на поголем број зборници, монографии на градови, разни други публикации итн.

Особена заслуга им припаѓа на членовите на нашата група и во публикувањето на тротомната „Историја на македонскиот народ“.

Членовите на историската група објавиле и други значајни научни монографии во кои за прв пат врз марксистички основи е расветлено историското минато на македонскиот народ и на народностите кои живеат во Македонија, како и на другите народи и народности во Југославија. За својата научна вредност повеќе од овие трудови се удостоени со највисоки републички и други признанија. Со највисоката републичка награда „11 Октомври" се наградени тројца членови, со наградата „13 Ноември" на градот Скопје за наука двајца членови, исто така за својот наставно-научен придонес двајца наши членови добиле признание за „Животно дело", четворица ја добиле наградата „Климент Охридски" итн.

За унапредувањето на универзитетската настава и историската наука голем број членови од нашава група имаат добиено и високи признанија доделени од Претседателот на Републиката.

Во последните години повеќе наши членови беа ангажирани и во организирањето на повеќе научни собири, посветени на класиците на научниот социјализам (Маркс, Енгелс, Ленин), а и на револуционерното и теоретското дело на Јосип Броз Тито.

Заедно со Институтот за национална историја, како и со други сродни институции, а во духот на реформата на Универзитетот, во последно време ННСГ за историја сè поздружно дејствува во реализацијата на повеќе научни проекти од републичко и југословенско значење. Имено, наши членови се ангажирани во реализацијата на проектите: Историја на КПЈ (СКЈ; Историја на КПМ/СКМ, повеќетомната историја на македонскиот народ и др.

На крајот, заблагодарувајќи се уште еднаш за ова високо признание за досегашната наставно-научна работа на ННСГ за историја, сметам дека го делам мислењето на сите мои колеги дека наградата „Гоце Делчев" ќе нè поттикнува да оствaруваме уште поголеми творечки успеси на полето на историската наука.

Скопје, 11. VI 1980 год.

Шеф на ННСГ за историја
при Филозофскиот факултет

Проф. Др. Бранко ПАНОВ

## „ТРКАЛЕЗНА МАСА" ПО ПОВОД 40-ГОДИШНИНАТА ОД ОДРЖУВАЊЕТО НА ПОКРАИНСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА КПЈ ВО МАКЕДОНИЈА

На 8 септември 1980 година се навршија 40 години од одржувањето на Покраинската конференција на Комунистичката партија на Југославија во Македонија. По тој повод марксистичкиот центар „Мито Хаџивасилев — Јасмин" на 8 и 15 септември 1980 година организираше „Тркалезна маса" со цел поцелосно да се расветлат историските услови во кои е одржана Конференцијата и да се објасни нејзиното значење во вековната борба на македонскиот народ за национална и социјална слобода и за создавање на соп-